**М-р Миле Зечевиќ**[1]

# КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД НА РАЗУЗНАВАЧКО-БЕЗБЕДНОСНИТЕ СЛУЖБИ ВО ЕВРОПА

**1.04 Стручна статија**
**УДК 355.40:355.45(4)**
**327.84:355.45(4)**

**Апстракт**

*Овој труд ги истражува разузнавачко-безбедносните системи во различни европски земји, анализирајќи ги нивната структура, функцијата и механизмите за контрола. Посебен акцент е ставен на улогата на разузнавачките служби во одржувањето на националната безбедност и заштитата од современи закани, како што се тероризмот, шпионажата и организираниот криминал. Преку компаративна анализа се истакнуваат предностите и слабостите на централизираниот и децентрализираниот модел на организација. Освен тоа, истражувањето ја нагласува важноста на соодветната правна и институционална рамка за ефективно функционирање на овие служби, како и значењето на демократската контрола и транспарентноста. Главната цел на трудот е да понуди препораки за подобрување на безбедносниот систем во Република Северна Македонија преку примена на позитивните искуства од европските модели.*

**Клучни зборови:** разузнавачко-безбедносни системи, национална безбедност, централизиран модел, децентрализиран модел, демократска контрола.

## Вовед

Поставеноста на службите во рамките на државната управа отсекогаш имала клучна и контроверзна улога, и тоа кога би се анализирала од два аспекта: прво, од аспект на заштитата на вредностите на едно општество од страна на неговите надворешни потенцијални непријатели, и второ, од аспект на заштитата на потенцијалните внатрешни непријатели, кои во зависност од која историска дистанца ги анализирате, може да имаат различна улога.

Историски гледано, поставеноста на службите секогаш имала клучна улога во државата и во зависност од нејзината поставеност во рамките на власта и нејзиното умешно користење, властите опстојувале и во минатото.

Неслучајно кинескиот воен теоретичар во IV век пр. н. е, Сун-цу, запишал дека оние што ги познаваат своите непријатели толку добро колку што се познаваат себеси никогаш нема да бидат поразени.

[1] Адвокат и докторанд на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Дури и слоновите на Ханибал во 218 година пр. н. е не биле толку многу заслужни за неговиот успех колку што била заслужна неговата мрежа на доушници и поткажувачи што била поставена претходно.

Во XIII век, монголските орди на Џингис Кан незапирливо маширале кон Европа, благодарејќи на претходниот невидлив труд на шпионите, кои како угледни трговци или занаетчии направиле систем за пренос на пораки што стигнувале до Џингис Кан во рок од 24 часа, а не како претходно, за десет дена. Многу векови на истиот принцип на американскиот Див Запад се формирал Пони Експрес.

Дедуктивниот заклучок што историјата го дефинирала како правило е дека главна и неопходна „храна" на службата е навремено праќање прецизни информации.[2] Оттука произлегува и заклучокот дека поставеноста на службата е потребно да биде на високо, приоритетно место во државната управа со цел да може да дејствува правилно.

Случувањата во Европа од аспект на многубројните војни, диверзитетот на населението, борбата за економска превласт, верските конфликти, ги прават особено интересни за опсервација службите на европските држави.

Примената на компаративниот метод во истражувањето на структурата на разузнавачките и безбедносните служби на неколку држави од Европа овозможува да се утврдат нивните позитивни страни и да се истражат можностите за нивна имплементација во нашиот безбедносен систем. Дотолку повеќе што денес, повеќе од кога било претходно, безбедносните системи на државите се исправени пред потребата од колку што е можно поголема соработка во борбата против тероризмот и современите безбедносни закани и ризици, па прифаќањето на позитивните искуства за поставување на службите во рамките на државната управа на соодветно место, а со тоа и остварување на разузнавачко-безбедносниот систем што ќе биде компатибилен со потребите на нашата држава е од непроценливо значење.

Соочувајќи се со ваква ситуација, поставеноста на службите во државната управа, но и нивните овластувања, како и надзорот над нивната работа се клучни сегменти за безбедноста на секоја од државите во регионот и во Европа. Што им недостига на разузнавачките и контраразузнавачките служби во нашата држава, каква правна рамка да се постави со цел успешно да се зачуваат националниот интерес и благосостојбата на населението, а во насока на заштита на уставното уредување на Р. Македонија преку овие служби, се прашања на кои ќе добиеме одговор низ компаративната анализа.

## 1. Концепт на централизиран и децентрализиран разузнавачко-безбедносен систем

Невозможно е да се постави шаблон, т. е. образец за организација на разузнавачко-безбедносниот систем што би бил универзален и унифициран за секоја држава поради тоа што секоја држава е под влијание на различни фактори, како што се геостратешката положба, политичките состојби, надворешнополитичките односи, традицијата, културата, менталниот склоп на населението на државата, како и економските фактори, а, пред сè, под влијание и на заканите со кои се соочува секоја држава.

[2] За важноста на разузнавачко-безбедносните служби постои екстензивна литература. На пример, види: Michael Herman (2001). Intelligence Services in the Information Age, Routledge; Len Scott & Peter Jackson (2010). The Study of Intelligence in Theory and Practice, Intelligence and National Security vol. 19(2004); Gokhan Kulogly, Zakir Gul & Sefika Sule Ercetin (2014). Counter-intelligence as a Chaotic Phenomenon and Its Importance in National Security, во Chaos Theory in Politics, Springer.

Разузнавачко-безбедносниот систем претставува со прописи дефинирана област на надлежности и меѓусебни права на сите разузнавачки и безбедносни служби и други државни органи или друг ентитет што одговара, кои се ангажирани да собираат, да проценуваат и да дистрибуираат разузнавачки податоци, како и да извршуваат други барања што се во нивна надлежност. Вака поставениот систем претставува потсистем на безбедносниот систем на државата.

Улогата на разузнавачко-безбедносниот систем не е да носи одлуки и да ја креира политиката, туку тој треба да му овозможи на државното раководство носење правилни одлуки со помош на пласирање конкретни, веродостојни информации.

Ако бегло ја анализираме поставеноста на службите, ќе забележиме дека тие, според карактерот на службата, може да бидат воени или цивилни разузнавачко-безбедносни служби, а според територијата на која дејствуваат, може да бидат служби што се надлежни единствено за разузнавачки (и контраразузнавачки) активности надвор од територијата на соодветната држава, служби што се надлежни единствено за разузнавачки (и безбедносно-контраразузнавачки) активности во рамките на државните граници на соодветната држава и служби што ги обединуваат и двете споменати надлежности. Службите може да се дефинираат и според критериумот во однос на тоа дали тие имаат или немаат полициски овластувања, што во поблиско значење претставуваат овластувања да приведуваат, да вршат претреси, да иницираат соодветни постапки.

Сепак, ако се анализираат од аспект на практиката, постојат два основни начина на организирање на разузнавачко-безбедносниот систем, и тоа централизиран (интегриран) и децентрализиран (ресорски).

### 1.1. Централизиран разузнавачко-безбедносен систем

Вака поставен, разузнавачко-безбедносниот систем подразбира централна разузнавачка служба што ја планира целата разузнавачка дејност на една држава, а истовремено е главен носител на аналитиката. Оваа служба е под директно влијание на носителите на политичката власт во државата. Вака поставена, службата е од особен интерес за највисоките раководители како носители на стратегиски државни одлуки, бидејќи не може да дојде до повторување на информациите, туку политичкото раководство добива единствено известувачко сознание.

Вака поставениот систем подразбира директна и конкретна надлежност на централната разузнавачка служба во однос на другите органи на управата, особено со Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Министерството за надворешни работи во делот на прибирањето, анализата и на доставувањето разузнавачки информации од нивниот делокруг на работа.

Освен за овие ресорни министерства, главната координативна функција и улога се однесува и на останатите органи на управата што се должни да ја известуваат централната служба за прашања што се однесуваат на националната безбедност на државата.

Концептот на централно разузнавачкиот систем во принцип одговара повеќе за помали земји чија државна политика би се дефинирала како дефанзивна, односно со лимитирани зони на национален интерес.

### 1.2. Децентрализиран разузнавачко-безбедносен систем

Овој систем е составен од одвоени (ресорски) разузнавачки служби што истовремено самостојно ги планираат и ги спроведуваат разузнавачките дејности и истовремено претставуваат единствен аналитички орган за одредена област од разузнавачката работа.

При ваквиот начин на организирање на разузнавачко-безбедносниот систем не постои управување со целокупната разузнавачка дејност од еден центар. Многу често силно се изразени испреплетувањето и меѓусебната зависност во работата на ресорските разузнавачки служби, од каде што произлегува и состојбата на потреба разузнавачките податоци од еден ресор да бидат неопходни за работата на друг ресор.

Децентрализираниот начин на организирање на разузнавачко-безбедносниот систем има свои слабости, а, пред сѐ, станува збор за испреплетување и дуплирање на разузнавачките податоци. Негативна страна на овој систем е и тоа што поради недостиг на централна координација, информациите што ги добила одредена ресорска служба, директно ги доставува до државното раководство, иако тие информации содржеле значајни елементи за друг ресор, кој претходно не бил консултиран, па на овој начин се создаваат несоодветни процени на информациите, а со тоа и неможност носителите на политички одлуки да ги пропуштат објектите на интерес.

Ваквиот негативен превез е резултат на немањето централен орган што ќе ја координира и ќе ја организира разузнавачката работа како целина, а, пред сѐ, аналитичкото оценување на разузнавачките информации.

## 2. Компаративна анализа на службите во Европа

### 2.1. Република Србија

Разузнавачко-безбедносниот систем во Р. Србија[3] претставува функционално обединет потсистем на националната безбедност што го сочинуваат **Безбедносно-информативна агенција, Воено-безбедносна агенција и Воено-разузнавачка агенција**.

Нивните надлежности, делокругот на работа, овластувањата и задачите се уредени со закон, а работите што се однесуваат на усогласување на работата на овие служби е во рацете на Бирото за координација на работата на безбедносните служби.

**Безбедносно-информативната агенција (БИА)** е централната разузнавачко-безбедносна институција во Р. Србија, која за својата работа е одговорна пред Народното Собрание и Владата на Р. Србија. Нејзини надлежности се: вршење заштита на безбедноста на Р. Србија, откривање и спречување на сите активности што се насочени кон поткопување и рушење на уставниот поредок, истражување, собирање, обработка и проценување на безбедносно-разузнавачките податоци и сознанија што се од значење за безбедноста на Р. Србија и информирање на надлежните органи за овие податоци, но врши и други работи определени со закон. БИА нема полициски овластувања, освен дел од службениците што се распоредени во посебни организациски единици одговорни за откривање, следење, документирање, спречување, сузбивање и пресекување дејности на организации и поединци што се насочени кон вршење организиран криминал и вршење кривични дела со странски елементи, внатрешен или надворешен тероризам и најтешки облици на кривични

[3] Повеќе во: Predrag Petrović (2009). Lična karta Bezbednosno-obaveštajne službe Republike Srbije, Centar za civilno-vojne odnose, Beograd, достапна на: https://bezbednost.org/wp-content/uploads/2020/06/petrovic_2009_bezbednosne_sluzbe.pdf (пристапено во ноември 2024).

дела против човештвото и меѓународното право и против безбедноста и уставниот поредок на Републиката.

Владата на Р. Србија го именува и го разрешува директорот на БИА, кој раководи со работата на службата. Внатрешно, БИА е организирана на територијални гранки, т.н. регионални центри и централи, т. е. организациски единици со седиште во агенцијата. БИА претставува самостојна агенција што настанала со издвојување одредени надлежности и функции од Министерството за внатрешни работи, при што се стекнала со својство на правно лице.

**Воено-безбедносната агенција (ВБА)** е надлежна за безбедносна и контраразузнавачка заштита на Министерството за одбрана и Војската на Р. Србија во чии рамки извршува општобезбедносни и контраразузнавачки работи и задачи што се од значење за одбраната на Р. Србија согласно закон и други прописи. Општобезбедносните работи што ги врши ВБА се сведени на: процена на безбедносните ризици што може да го загрозат нивното функционирање; ја планира, ја организира и ја контролира безбедносната заштита на силите, објектите и средствата; ги планира, ги организира и ги контролира мерките на безбедност за реализација на задачите и активностите; ја контролира примената на мерките на заштита на тајните податоци; врши работи од областа на индустриската безбедност; учествува во безбедносната заштита на другите субјекти во системот на одбрана итн. Во рамките на контраразузнавачките работи, како релевантна контраразузнавачка служба, ВБА е одговорна за откривање, следење и оневозможување разузнавачко дејствување, субверзивни и други активности на странски држави, странски организации, групи или лица насочени кон Министерството за одбрана и Војската на Р. Србија; откривање, истражување и документирање кривични дела насочени против уставното уредување и безбедноста на Р. Србија, како и кривични дела направени со корупција внатре во Министерството или Војската; откривање, следење и оневозможување внатрешен и меѓународен тероризам, екстремизам и други облици на организирано насилство насочено кон Министерството за одбрана или Војската. Во доменот на своите надлежности, ВБА е овластена да собира податоци од јавни извори, од физички и правни лица и од државните органи и овластена е за тајно собирање податоци со примена на посебни мерки и постапки.

**Воено-разузнавачката агенција (ВОА)** е надлежна за извршување разузнавачки работи што се од значење за одбраната, кои се однесуваат на собирање, анализа, процена, заштита и доставување податоци и информации за потенцијални или реални опасности, активности или намери на странски држави и нивните вооружени сили. Во рамките на своите надлежности е овластена да собира податоци од јавни извори, физички и правни лица преку размена на податоци од други безбедносни служби и со примена на посебни мерки и постапки. Современите разузнавачки методи на работа ВОА ги применува во својата работа како класични методи за собирање (агентурен метод, иследнички), сѐ до анализа на содржината и собирање разузнавачки сознанија од отворени извори. За својата работа, ВОА одговара пред Советот за национална безбедност, пред Парламентот и пред Владата на Р. Србија.

**Службата за истражување и документација** при Министерството за надворешни работи е задолжена да собира, да анализира, да врши процена и да доставува податоци од политичка, економска и безбедносна природа, кои се однесуваат на странски држави, меѓународни организации, групи или поединци, а кои се од значење за процесот на утврдување и водење на надворешната политика. Освен другите овластувања, оваа служба

има овластување и да собира податоци за активности поврзани со меѓународниот тероризам и да доставува информации и извештаи за нејзината работа. За својата работа непосредно е одговорна пред ресорното министерство и Владата на Р. Србија, а припадниците на оваа служба имаат иста положба, права и должности како и вработените во Министерството за надворешни работи.

**Безбедносната служба на Министерството за надворешни работи** е ресорна служба задолжена за превентивна безбедност против прислушување и контраразузнавачка заштита на вработените и на објектите во Министерството за надворешни работи, дипломатско-конзуларните претставништва и мисиите во странство.

Политичката контрола на безбедносниот сектор ја врши Народното собрание, која ја реализира преку формирање комисии што расправаат за прашања од областа на безбедноста и одбраната, а парламентарната контрола ја извршува Одборот за одбрана и безбедност.

Разузнавачко-безбедносните служби во Р. Србија се под парламентарен надзор на Народното собрание, но над нив се врши и судска, финансиска и внатрешна контрола, како и контрола на извршната власт и на јавноста.

## 2.2 Република Бугарија

Разузнавачко-безбедносниот систем на Р. Бугарија дејствува на три нивоа, и тоа **Државна агенција за разузнавање (буг. *Държавна агенция „Разузнаване“ – ДАР*),**[4] **Државна агенција за национална безбедност (буг. *Държавна агенция „Национална сигурност“ – ДАНС*)**[5] **и Служба за воени информации (буг. *Служба „Военна информация“ – СВИ*).**[6]

**Државната агенција за разузнавање (ДАР)** е релативно нова разузнавачка служба, која е формирана на крајот на 2015 година и е единствената цивилна разузнавачка служба надлежна за изведување разузнавачки активности и надвор од границите на Република Бугарија, па, како таква, ДАР има надлежности во областа на безбедноста и контраразузнавачката заштита на дипломатско-конзуларните претставништва на Република Бугарија во странство.

Основните функции на ДАР се во насока на заштита на националната безбедност и националните интереси на државата, што во поблиска смисла би значело обезбедување информации и анализи насочени кон превенирање, откривање и противдејство на заканите во областите на националната безбедност, надворешната политика, економијата и заштитата на уставниот поредок, но и поддршка на активностите на претседателот на Народното собрание, Претседателот на Републиката, премиерот и министрите во Владата, како и на други државни органи определени со акти на Владата.

Според својата организациска поставеност, ДАР е директно подредена на Советот на министри (Владата) на Република Бугарија. На оперативно ниво, ДАР е раководена од претседател кого го именува и го разрешува Претседателот на Републиката на предлог на Советот на министри.

**Државната агенција за национална безбедност (ДАНС)** е внатрешна безбедносно-контраразузнавачка агенција формирана преку интегрирање неколку независни безбедносни структури што претходно биле субординирани под различни министерства.

---

[4] Види: https://www.dar.bg/en (пристапено во ноември 2024).
[5] Види: https://www.dar.bg/en (пристапено во ноември 2024).
[6] Види: Служба „Военна информация (пристапено во ноември 2024).

Основната задача на ДАНС е превенција и спречување на заканите кон националната безбедност што произлегуваат од разузнавачки активности во полза на странски сили, опасности за суверенитетот, територијалниот интегритет на државата и единството на нацијата, корупција на лица што се на високи државни функции, примена на сила или средства што предизвикуваат општа опасност заради постигнување политички цели, терористички или екстремистички организации со цел заштита на националната безбедност и интереси. Организациски, оваа агенција е поставена под Советот на министри, а оперативно е раководена од претседател што е именуван од Претседателот на Републиката на предлог од Советот на министри.

**Службата за воени информации (СВИ)** е воена разузнавачка служба што е надлежна за организирање и спроведување стратешко разузнавање за потребите на одбраната на Република Бугарија преку користење човечки ресурси и технички средства. СВИ е овластена да ги собира и да ги обработува сите информации добиени од разузнавачките структури во рамките на вооружените сили на Република Бугарија, како и од разузнавачките структури на НАТО и ЕУ, разузнавачките служби на нивните држави членки и другите партнерски служби.

Според својата организациска поставеност, СВИ директно одговара пред министерот за одбрана. На оперативно ниво, службата е раководена од директор што мора да биде активно воено лице со висок чин, а го именува и го разрешува Претседателот на Републиката на предлог на Советот на министри.

Политичката контрола на безбедносниот сектор ја врши Народното собрание, која ја реализира преку постојана Комисија за надворешна политика, одбрана и безбедност што ги разгледува предлог-законите, предлозите, подготвува извештаи и дава препораки во областа на својата одговорност, а за специфични прашања може да формира и постојани или привремени комитети и поткомитети или работни групи.

## 2.3. Република Грција

Разузнавачките служби во Р. Грција биле подложени на неколкукратни реформи, со цел денес во системот да функционираат неколку служби за разузнавање и безбедност.

**Националната разузнавачка служба (НРС)**[7] е автономна централна разузнавачко-безбедносна служба што е одговорна на претседателот на Владата на Р. Грција, а нејзината главна мисија е да собира, да обработува и да процесира разузнавачки податоци заради заштита и помагање на политичките, економско-финансиските, воените и другите државни национални стратешки интереси, што подразбира превенција и попречување активности што претставуваат закана по демократското владеење, територијалниот интегритет и националната безбедност и благосостојбата на општеството, како и превенција од активности на терористички организации, групи или лица вклучени во организиран криминал. Организациската структура на Националната разузнавачка служба е под раководство на директор, кој истовремено е и советник на премиерот за безбедносни прашања, а е составена од осум директорати поделени на два дела – оперативен и финансиско-административен.

Националната разузнавачка служба своите задачи ги извршува преку системот на разузнавачки центри во пограничните области и внатрешноста на државата, а за дејствување во странство користи дипломатско-конзуларни претставништва во кои

[7] Види: https://www.nis.gr/en/agency/mission-and-responsibilities (пристапено воноември 2024).

вклучува свои разузнавачи. Агентурата ја води релативно блиску до своите граници, а користи и систем на центри за електронско извидување, како посебен радарски систем на НАТО. Во своите рамки, НРС има формирано Разузнавачки совет како тело за соработка помеѓу грчките разузнавачки и безбедносни служби.

**Службата за национална безбедност (СНБ)**[8] е производ на Генералната дирекција за национална безбедност и Управата за странци, а е во состав на Министерството за внатрешни работи и врши координација на контраразузнавачките работи и следење на политичкиот екстремизам во државата.

**Службата за информации** е олицетворение на воената компонента на разузнавачкиот систем, која е директно под Генералштабот на вооружените сили. Нејзин составен дел е Воено-разузнавачката служба (Одделение А2), во чија надлежност се: собирање податоци за армиите во регионот и други извори на надворешно загрозување на одбраната и безбедноста на државата, контраразузнавање и безбедносна заштита на вооружените сили, раководење и координација на работата на разузнавачките служби и раководење со работата на воено-дипломатски претставници во странство.

**Одделението за безбедност на Министерството за поморска пловидба и островски прашања**[9] е разузнавачка служба чија основна задача е заштита на морскиот простор од разни видови загрозувања, разузнавачко истражување на трговските потенцијали на медитеранските земји и заштита на грчките поморци.

Претседателот на Републиката е врховен командант на вооружените сили, но неговите овластувања се симболични. На чело на севкупниот систем за национална безбедност се наоѓа Советот за надворешна политика и национална одбрана (KSCEA), кој е во рамките на Владата. Со него претседава премиерот на Владата, а негови членови се министрите за национална одбрана, за внатрешни и надворешни работи, како и началникот на Генералштабот и директорот на Националната разузнавачка служба.

Националната разузнавачка служба е под контрола на посебна комисија за заштита на приватноста на комуникациите на Парламентот, која е одговорна за заштита на тајноста на кореспонденцијата и институцијата за заштита на личните податоци, како и под контрола на Министерството за јавен ред.

## 2.4. Република Албанија

**Државната информативна (разузнавачка) служба (Sherbimi Informativ Shteteror – SHISH)**[10] има јасно дефинирани разузнавачки и контраразузнавачки задачи и е владин субјект чии активности се спроведуваат под цивилен надзор и контрола.

Оваа служба е централна автономна разузнавачка институција, која е составена од голем број соработници што завршиле обука во службите во земјите членки на НАТО. Мисијата на оваа служба е собирање разузнавачки информации од странство, а кои се од национален интерес, собирање разузнавачки информации за терористички активности, илегална трговија со оружје за масовно уништување и пролиферација на дрога. Во нејзините рамки функционира и Центарот за контратероризам и Единицата за аналитика, чија задача е да ги филтрира информациите и да ги праќа до крајните консументи.

---

[8] Види: https://dbpedia.org/page/National_Security_Service_(Greece) (пристапено во ноември 2024).
[9] Види: https://www.ynanp.gr/en/ministry/leadership/minister-maritime-affairs-and-insular-policy/ (пристапено во ноември 2024).
[10] Види: https://shish.gov.al/ (пристапено во ноември 2024).

**Воено-разузнавачката служба** е составена од Оперативен сектор (разузнавачко, контраразузнавачко и контратерористичко одделение), Аналитички сектор, Сектор за обука и Тренинг центар. Вака поставената структура овозможува собирање, анализирање и менаџирање со информациите во кои се содржани активности за загрозување на националната безбедност, како и обезбедување процени за можни внатрешни и надворешни закани кон државата. Сите активности на службата се под супервизија на Парламентарната комисија за национална безбедност, Владата, Јавниот правобранител и обвинител.

Безбедносниот сектор е под цивилна контрола на Претседателот на Републиката, на Парламентот и на Советот на министри (Владата). Демократската контрола над безбедносниот сектор се практикува од страна на Комисиите за одбрана и за безбедност.

Најважна е контролата од Комисијата за одбрана, бидејќи нејзината основна задача е да обезбеди транспарентност и одговорност за работата на службите. Парламентот во Р. Албанија е институција што ја обезбедува демократската и цивилната контрола над целокупниот безбедносен систем.

## 2.5. Република Хрватска

Република Хрватска, како членка и на НАТО и на ЕУ, својот разузнавачко-безбедносен систем го креираше со цел да одговори на потребите на земјата за заштита на националната безбедност, но истовремено да биде хармонизирана и со актуелните разузнавачки системи.

**Безбедносно-разузнавачката агенција (БРА)**[11] претставува централно државно тело што е одговорно за собирање, анализирање, обработка и оцена на податоци што имаат политички, економски, воен и безбедносен карактер, спротивставување на тероризмот, собирање, анализа и процена на податоци од работата на странски разузнавачки служби насочени кон Р. Хрватска, следење на работата на индивидуални лица, групи или организации на територијата на Р. Хрватска што се насочени против националната безбедност.

Со БРА раководи директор, а во рамките на агенцијата има пет одделенија:

- Оперативно одделение – го координира и го насочува собирањето на податоците што имаат разузнавачко-безбедносно значење на подрачјето на државата и од странство, и ги разгледува и ги проценува безбедносните закани и ризици кон националната безбедност на земјата;
- Одделение за аналитика – ги изработува известувањата, процените и анализите за безбедносни и разузнавачки теми, ги следи отворените извори на сознанија, изработува целосни известувања и води статистички податоци за работата на БРА, а е овластено и за известување на крајните корисници за релевантни сознанија;
- Одделение за техника – развива и применува системи за таен надзор на телекомуникациски услуги, промет и работа, планира и обработува податоци собрани преку стратешко електронско извидување, развива и одржува електронски, информатички и криптолошки системи;
- Одделение за кадровско и материјално-финансиско работење – ги врши активностите што се однесуваат на нормативната дејност и учествува во процесот на

[11] Види: https://www.soa.hr/hr/ (пристапено во ноември 2024).

координација на активностите во агенцијата. Одговорно е за водење на кадровската политика и задолжено е за стручно усовршување на службените лица;
- Одделение за контраразузнавачка заштита и надзор – ја координира, ја организира, ја насочува и ја контролира работата во спроведувањето на контраразузнавачката заштита на државните тела и органи. Се грижи за заштита на највисоките државни авторитети, објекти, простории одредени според закон или врз основа на други прописи, а истовремено својата работа ја насочува и кон процени за можна загрозеност на дипломатско-конзуларните претставништва на други држави во Р. Хрватска.

**Воено безбедносно-разузнавачката агенција (ВБРА)**[12] е посебна организациска единица во рамките на Министерството за одбрана, која е одговорна за планирање, организирање и спроведување разузнавачко-безбедносна поддршка на Министерството за одбрана и на вооружените сили и за извршување задачи за одбрана на суверенитетот, независноста и територијалната целовитост на земјата. Надлежна е за собирање податоци во странство за војската и другите одбранбени системи на други држави, односно активности во странство насочени кон загрозување на надворешната безбедност на државата. При извршување на своите работи презема мерки за откривање, следење и контраразузнавачка заштита, кои може да ги применува врз припадниците на Министерството за одбрана и вооружените сили, вработените во службите и институциите на министерството само кога тоа е во врска со вршење на нивните должности. Организациската структура на ВБРА ја опфаќа и формацијата „Известувачка управа“ J-2, сместена во Генералштабот на вооружените сили, со основна задача – собирање податоци за потребите на оперативните единици на војската или групно извидување.

Цивилниот надзор над работата на вооружените сили и безбедносните служби Р. Хрватска го спроведува непосредно или преку одбор надлежен за националната безбедност. Парламентот може од Претседателот на Републиката и од Претседателот на Владата да побара извештај за состојбата на националната безбедност во целина или за одделни подрачја.

Клучни механизми за спроведувањето парламентарен надзор над работата на безбедносниот сектор имаат Одборот за внатрешна политика и национална безбедност и Одборот за одбрана. Меѓутоа, покрај нив, се практикува и надзор над работата и на Советот за национална безбедност, кој го врши Претседателот на Републиката преку извештаите што му ги доставува Советот, а над законитоста на работењето надзор врши Парламентот преку Одборот за внатрешна политика и национална безбедност, пред кој Советот за национална безбедност поднесува годишни извештаи за својата работа.

## 2.6. Република Црна Гора

**Агенцијата за национална безбедност**[13] е автономно централна разузнавачко-безбедносна установа што нема полициски овластувања, освен оние што ги пропишува Законот. Основните задачи на агенцијата се во насока на работи од национална безбедност, заштита на уставниот поредок и територијалниот интегритет на државата.

---

[12] Види: https://www.morh.hr/o-vojnoj-sigurnosno-obavjestajnoj-agenciji/ (пристапено во ноември 2024).
[13] Види: https://www.gov.me/anb (пристапено во ноември 2024).

Во рамките на своите надлежности, Агенцијата е должна: да собира податоци за потенцијални опасности од групи или организации насочени против националната безбедност; да ги анализира, да ги проценува, да ги користи и соодветно да ги чува таквите информации; безбедносна и контраразузнавачка заштита на државните органи; да прибира податоци за дејствување на поединци или организации насочени кон вршење тероризам или организиран криминал, а сето тоа со примена на современи разузнавачки методи и средства.

Со Агенцијата за национална безбедност раководи директор, кој не смее да биде член на политичка партија и активно да учествува во политичкиот живот, а го именува и го разрешува Владата на предлог на Претседателот на Владата врз основа на мислење на Собранието. За својата работа, агенцијата, преку директорот, е директно одговорна пред Владата.

Собранието на Црна Гора ја има носечката улога при контролата на безбедносниот систем, а преку своја комисија, односно Одбор за безбедност, која е со устав утврдена комисија што се занимава со прашања од областа на безбедноста, одбраната, разузнавањето, по принцип, уредена со Законот за полиција, Законот за одбрана и Законот за Агенција за национална безбедност.

Согласно Законот, Агенцијата за национална безбедност е должна да му поднесува редовен годишен извештај на Одборот за безбедност и одбрана, а тој поднесува извештај за својата работа до Собранието.

Освен парламентарната контрола, со Законот е предвидена и внатрешна контрола на работата на агенцијата преку генерален инспектор, кој го именува и го разрешува Владата, а генералниот инспектор доставува извештај до Владата и до директорот на агенцијата, на кого му дава насоки и препораки за отстранување евентуални неправилности.

## 2.7. Република Словенија

Разузнавањето и контраразузнавањето во Р. Словенија се обединети во единствена цивилна служба, а при процесот на собирање информации, свој придонес дава и полицијата преку тајно набљудување и посебната служба за воено разузнавање, која има посебни овластувања.

**Словенечката Агенција за разузнавање и безбедност (СОВА)**[14] е независна владина институција, а своите функции ги извршува во согласност со приоритетите поставени од страна на Владата, кои, пак, се извлечени од Националната програма за безбедност донесена од страна на Националното собрание.

Основните задачи на СОВА вклучуваат дејствување за заштита на националните интереси во безбедносната, политичката и економската сфера или обезбедување на националната безбедност. Обемот и надлежностите на агенцијата, облиците на соработка со други државни органи и воспоставените форми на надзор над неговата работа се целосно заокружени со Програмата за национална безбедност, која е усвоена од страна на Националното собрание.

Развојот на агенцијата е фокусиран на создавање модерна и динамична услуга во која користењето на современите информации и аналитички методи и најсовремената информатичка технологија, нејзиниот развој, стратешките цели се истовремено фокусирани

[14] Види: https://www.gov.si/drzavni-organi/vladne-sluzbe/slovenska-obvescevalno-varnostna-agencija/ (пристапено во ноември 2024).

на професионалниот развој на вработените, развојот на соодветна организациска култура и економичното користење на материјалните ресурси.

Агенцијата ја води директор, кого го именува и го назначува Владата на предлог на премиерот. За остварување на своите цели, агенцијата соработува со надлежните државни органи и службите за безбедност и обезбедува информации што се релевантни за безбедноста на одредени лица, места, тела, објекти и области. Податоците што ги добива ги оценува за нивната содржина и веродостојност и на тој начин обезбедува информации за безбедносните, политичките и економските интереси на државата.

Во демократските земји, операцијата на безбедносните и разузнавачките служби постојано се следи, особено во однос на заштитата на човековите права и основните слободи и законитоста и професионалноста на нивната работа.

Република Словенија е исто така дел од заедницата на демократски држави, а работата на нејзините разузнавачки и безбедносни служби е под контрола на неколку институции: Народниот правобранител, Врховниот суд, надлежната комисија на Народното собрание, Владата, Судот за ревизија и Буџетскиот инспекторат, јавноста и Комесарот за информации, а како прилог на надворешните форми, агенцијата, исто така, обезбедува и внатрешна контрола.

Сепак, со оглед на тоа што станува збор за владина агенција, пред сè, за својата работа, агенцијата е директно одговорна пред Владата.

Јавната контрола не е конкретно дефинирана, туку е изразена првенствено преку јавното мислење за агенцијата за увидот на медиумите во работата на агенцијата и коментарите на јавноста за некои од нејзините постапки. Веб-страницата, исто така, на јавноста ѝ обезбедува увид во работата на СОВЕ.

Основната задача на внатрешната контрола е да утврди дали сите постапки пропишани со закон, подзаконски акти и други инструкции се извршени и документирани на соодветен начин.

## 2.8. Република Словачка

Разузнавачко-безбедносните служби во Р. Словачка се составени од една воена и една цивилна безбедносна служба. Поставеноста на безбедносниот систем е стриктно институционално дефинирана и поделена на тој начин што не постои мешање на надлежностите помеѓу полициските и разузнавачките агенции, што значи дека разузнавачките агенции немаат полициски овластувања, ниту, пак, може да им даваат задачи на полициските служби.

**Словачката информативна служба (СИС)**[15] е цивилна разузнавачко-безбедносна служба, која е надлежна за спроведување разузнавачки и контраразузнавачки активности на територијата на Словачката Република, но и надвор од нејзините граници. Надлежностите на оваа служба се: собирање, документирање и анализа на информациите што се однесуваат на активности што го загрозуваат уставниот систем, територијалниот интегритет и суверенитет на Републиката и активностите на странските разузнавачки служби; организираниот криминал и тероризам; сериозните закани кон економските интереси на Републиката и активности што се одвиваат во странство, а кои се насочени против уставниот систем и безбедноста.

---

[15] Види: https://www.gov.si/drzavni-organi/vladne-sluzbe/slovenska-obvescevalno-varnostna-agencija/ (пристапено во ноември 2024).

СИС е должна да им обезбеди информации што се значајни за нивното функционирање и донесување одлуки на Националниот совет (Парламентот), Владата и Претседателот на Републиката, како и информации за откриени криминални активности, особено од обласа на организираниот криминал, на полицијата, обвинителството или на други државни институции што се надлежни за запирање противзаконски и противуставни активности.

СИС не е директно потчинета на ниту едно министерство или друга државна институција, а сепак Советот за безбедност на Република Словачка може да ѝ издаде обврзувачки инструкции и задачи. На оперативно ниво, СИС е раководена од генерален директор, кого го именува и го разрешува Претседателот на Републиката на предлог на Владата, а како раководно лице на службата, директорот има обврска најмалку еднаш годишно да поднесе извештај за отчетноста и работата пред Националниот совет.

**Военото разузнавање**[16] е воена разузнавачко-безбедносна служба што е надлежна за спроведување разузнавачки и контраразузнавачки активности што се од интерес за одбраната на Републиката. Во рамките на извршувањето на своите надлежности, Военото разузнавање е одговорно за собирање, документирање и анализа на информации што се значајни за обезбедување на одбраната на Република Словачка, а кои се однесуваат на активности што ги загрозуваат уставниот поредок, територијалниот интегритет, суверенитетот и одбранбената способност на Републиката, активностите на странски разузнавачки служби и тероризмот, активности што се одвиваат во странство, а кои се насочени против суверенитетот, територијалниот интегритет и одбранбената способност на Републиката. Военото разузнавање е субординирано на Министерството за одбрана, односно на министерот за одбрана, кој има обврска да ги доставува разузнавачките податоци од Военото разузнавање што се значајни за донесување одлуки до Националниот совет, Владата и Претседателот, како и до други надлежни органи, доколку таквите разузнавачки податоци придонесуваат за спречување нелегални активности. Иако Военото разузнавање е под директива на Министерството за одбрана, Советот за безбедност на Р. Словачка може да му издаде обврзувачки инструкции и задачи на министерот за одбрана, а кои се однесуваат на работата на Военото разузнавање.

Контролата над разузнавачко-безбедносните служби се спроведува и на внатрешно и на надворешно ниво, со тоа што надворешната контрола ја врши Националниот совет преку Комитетот за посебна контрола за надгледување, кој доставува извештај до Републичкиот совет на Р. Словачка, но надворешна контрола спроведуваат и Владата и судовите и обвинителството, додека, пак, на внатрешно ниво, се организира контролно тело што е надлежно за сите области и одделенија на службата.

## 2.9. Романија

Разузнавачките служби во Романија се производ на процесот на дезинтеграција, односно реорганизација на службите по распаѓањето на социјализмот. Актуелниот разузнавачко-безбедносен систем е составен од повеќе служби што се претставени во продолжение.

**Романската информативна служба (РИС)**,[17] која е создадена според моделите на современите служби за безбедност во западните земји и е директно финансирана од буџетот

[16] Види: https://vs.mosr.sk/eng/ (пристапено во ноември 2024).
[17] Види: https://vs.mosr.sk/eng/ (пристапено во ноември 2024).

како автономна разузнавачка служба под надлежност на шефот на државата и Врховниот совет за национална одбрана, подлежи и на контрола пред Парламентот.

Согласно новата перцепција за работата на безбедносната служба, предвидено е РИС да биде целосно деполитизирана, а нејзините припадници немаат право да апсат, да одредуваат притвор или да спроведуваат други истражни мерки и репресии, па следствено на ова, нивната основна задача е да проверуваат одредени информации што се од особено значење за безбедноста, а потоа да издаваат одговарачки налози на други органи.

Структурата на РИС, освен што е поделена на дирекции и има линиска работа, поделена е и територијално во жупании што се директно поврзани со централата во Букурешт.

**Службата за разузнавачка работа кон странство (SIE – Serviciul de informatii Externe)**[18] претставува ресорска разузнавачка служба во рамките на Министерството за надворешни работи и формално е првата тајна служба што е формирана по соборувањето на режимот на Чаушеску. Основната задача на оваа служба е да обезбедува пристап до податоците за новите технологии, да заштитува од дејствување на странски разузнавачки служби со контраразузнавачки мерки и да обезбедува средства за преземање тајни акции во странство. Претседателот на државата го именува директорот на службата на неодреден период, а тој за својата работа одговара пред Врховниот совет за национална одбрана, на Претседателот на државата и пред Одборот за парламентарна контрола на специјалните служби. Припадниците на оваа служба се воени и цивилни лица, кои исполнуваат посебни критериуми без јавен конкурс, а сите акти што протекуваат низ службата имаат третман на државна тајна.

**Службата за обезбедување и заштита (SPP – Serviciul pentu paza si protectie)**[19] е една од ретките самостојни разузнавачки служби за обезбедување личности и објекти, која е директно под надлежност на Претседателот на државата. Главната задача на оваа служба е контратерористичка заштита на романските службеници и обезбедување на нивните странски гости, како и заштита на нивните резиденции и штабови. Концептот врз кој е заснована Службата за обезбедување и заштита е воено-административен и е под контрола на Парламентот, а целокупната нејзина работа е координирана од страна на Врховниот совет за национална одбрана.

**Главната одбранбено-информативна агенција (ДГИА)**[20] претставува специјализирана структура на Министерството за одбрана на Романија, со надлежност да собира, да обработува и да верифицира разузнавачки податоци внатре и надвор од границите на Романија, од воен или невоен фактор на ризик по националната безбедност. ДГИА е одговорна за комплетната разузнавачка подготовка на операциите во кои се ангажирани романските армиски сили, а истовремено и соработува во координирани активности со Романската информативна служба и во Службата за разузнавачка работа кон странство.

Сите активности на оваа служба ги одобрува министерот за одбрана, кому службата и, всушност, му е потчинета. Организирана е во два директорати, и тоа Директорат за воено разузнавање каде што е инкорпорирана Ј-2 армиската структура и Директорат за воена безбедност.

---

[18] Види: https://www.sie.ro/ (пристапено во ноември 2024).
[19] Види: https://spps.md/ (пристапено во ноември 2024).
[20] Види: https://english.mapn.ro/ (пристапено во ноември 2024).

**Главниот директорат за разузнавање и внатрешна заштита** има законски овластувања за собирање и употребување разузнавачки информации што се однесуваат на организираниот криминал, политичкото или општественото насилство, како и да води грижа за контраразузнавачката заштита на персоналот на Министерството за внатрешни работи.

**Дирекцијата за оперативен надзор и разузнавачки активности на генералниот инспектор на полиција (ДСОИ)** е тајна служба за јавна безбедност, која се занимава со разузнавачки сознанија за транснационален криминал. Иако функционира во рамките на Министерството за внатрешни работи, таа е независна служба од Главниот директорат за разузнавање и внатрешна заштита.

Демократската контрола над вооружените сили и безбедносните институции и служби се одредени во правно-формални рамки, а преку Парламентот, Претседателот на државата, Владата, Врховниот совет за национална одбрана, судството, омбудсманот и Судот за ревизија. Контролата над разузнавачко-безбедносниот систем, Парламентот ја спроведува преку неговите два дома – Претставничкиот дом и Сенатот со специјални комисии и од двата дома, понатаму Владата, Уставниот суд, како и невладини експертски комисии и јавноста во целост.

## 2.10. Република Франција

**Разузнавачките служби**[21] во системот на Р. Франција дејствуваат како четири разузнавачко-безбедносни служби.

**Генералниот директорат за внатрешна безбедност** е формиран со спојување на службата за внатрешно разузнавање во состав на Министерството за внатрешни работи – Централниот директорат за општо разузнавање и службата за контраразузнавање, безбедност и антитероризам во состав на Министерството за внатрешни работи – Директоратот за надзор над територијата. Според своите надлежности и организациската поставеност, ДГСИ е внатрешна разузнавачка, односно контраразузнавачка и безбедносна служба подредена на Министерството за внатрешни работи. Во рамките на своите надлежности, ДГСИ има четири основни задачи проследени со полициски овластувања:

- борба против шпионажата и мешањето во внатрешните работи на Франција од страна на други држави;
- борба против тероризмот;
- заштита на наследството и економската безбедност;
- мониторинг на насилните субверзивни движења и општествените феномени што би можело да произведат безбедносни закани.

**Генералниот директорат за надворешна безбедност** е разузнавачко-безбедносна служба во чија надлежност е изведувањето разузнавачки и контраразузнавачки активности надвор од државните граници на Р. Франција. ДГСЕ е одговорен за разузнавачки активности поврзани со воени, стратешки, политички, дипломатски и економски прашања, како и за контраразузнавачки активности, кои ги извршува преку примена на активни

[21] Околу системот во Франција: Joseph Balodis (2024). France’s Intelligence Community: an Overview, Grey Dynamics, достапно на: https://greydynamics.com/frances-intelligence-community-an-overview/ (пристапено во ноември 2024).

разузнавачки оперативни методи (агентурно разузнавање – *HUMINT*), електронско разузнавање (следење на електронските комуникации – *SIGINT*), снимање и анализа на аерофото и сателитски снимки.

Организацијата на ДГСЕ хиерархиски е поставена под Министерството за одбрана, иако не претставува класична воена безбедносна разузнавачка служба, а за својата работа одговара и пред премиерот.

**Директоратот за заштита на безбедноста на одбраната** е воена контраразузнавачка и безбедносна служба, која е надлежна за изведување контраразузнавачки активности и активности за одржување на безбедноста во рамките на вооружените сили.

Според својата организациска поставеност, ДПСД е субординиран на Штабот на одбраната (Генералштабот) на француските вооружени сили.

**Директоратот за воено разузнавање** е воена разузнавачка служба, која е надлежна за изведување разузнавачки активности надвор од територијата на Република Франција за потребите на одбраната. Основните задачи на ДРМ се: планирање, координирање и изведување разузнавачки активности и примена на разузнавачките капацитети на вооружените сили. Акцентот на активностите на ДРМ е анализа на информациите собрани преку разузнавачките капацитети на француските вооружени сили и преку други агенции, како и планирање и координација на примената на разузнавачките капацитети на француските вооружени сили. Според својата организациска поставеност, ДРМ е директно под надлежност на Министерството за одбрана.

Контролата над разузнавачко-безбедносните служби во Р. Франција доживеа зачеток на нова епоха по терористичките напади во Париз, односно по донесувањето на т.н. контроверзен закон со кој се овозможува навистина широк спектар на законски овластувања што службите за разузнавање може да ги користат во насока на спречување шпионажа и терористички дејства. Контролата им припаѓа на граѓанските организации, како и на Парламентот и Уставниот суд. Во рамките на Парламентот е формирана истражна комисија по терористичките напади, која направи процена и даде предлог за обединување и унапредување на разузнавачките служби во единствена агенција.

## 2.11. Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска

**Разузнавачките служби** на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска[22] дејствуваат како три основни разузнавачко-безбедносни служби што во рамките на своите надлежности се должни да соработуваат со полициските служби и другите агенции за спроведување на Законот, меѓутоа самите тие немаат полициски овластувања.

**Тајната разузнавачка служба (СИС/МИ6)** е надлежна за разузнавачки активности надвор од границите на Обединетото Кралство. Основните функции на СИС/МИ6 се откривањето и обезбедувањето информации во врска со активностите или намерите на лица надвор од територијата на Британските Острови и спроведување други задачи во врска со активностите или намерите на тие лица заради: интересите на националната безбедност, особено во врска со одбранбената и надворешната политика на Владата на Обединетото

[22] Околу системот во Обединетото кралство: Joseph Balodis (2024). UK Intelligence Community: An Overview, Grey Dynamics, достапно на: https://greydynamics.com/uk-intelligence-community-an-overview/ (пристапено во ноември 2024).

Кралство, интересите на економската благосостојба на Обединетото Кралство и поддршка на превенцијата и откривањето сериозни кривични дела. На оперативно ниво, со службата раководи раководител што го именува надлежниот министер за надворешни работи и прашања на Комонвелтот, а е одговорен пред премиерот и пред министерот за надворешни работи и прашања.

**Безбедносната служба (МИ5)** е надлежна за разузнавачки, односно контраразузнавачки активности на територијата на Обединетото Кралство. Основните функции на МИ5 се: заштита на националната безбедност од заканите за шпионажа, тероризам и саботажи; заштита од активностите на агенти на странски сили и од активностите насочени кон уривање или подривање на парламентарната демократија преку примена на политички, индустриски или насилни мерки; заштита на економската благосостојба на Обединетото Кралство од заканите произлезени од активности или намери на лица надвор од Британските Острови и поддршка на активностите на полициските сили, Националната криминалистичка агенција и останатите агенции што се надлежни за спроведувањето на законите насочени кон превенција и откривање сериозни кривични дела.

Фокусот на службата е насочен кон активности за спречување на тероризмот, при што речиси сите свои средства ги применува за спречување тероризам и спроведување антитерористички активности и активности против меѓународниот тероризам.

На оперативно ниво, со МИ5 раководи генерален директор што го именува министерот за внатрешни работи, а за својата работа е одговорен и пред премиерот и пред надлежниот министер за внатрешни работи.

**Владиниот штаб за комуникации** е разузнавачка служба што е надлежна за спроведување активности од областа на електронското разузнавање, односно следењето на електронските комуникации, дешифрирањето и шифрирањето. Основните функции на Владиниот штаб за комуникации се: набљудување и пресретнување електромагнетни, звучни или друг вид емитувани сигнали и опремата што ги емитува таквите сигнали, како и откривање и обезбедување информации што произлегуваат или се поврзани со таквите емитувања или опрема и обезбедување совети и поддршка на вооружените сили, Владата или друга организации определени од страна на премиерот, а сето тоа во насока на зачувување на интересите на националната безбедност во врска со одбранбената и надворешната политика на Владата на Обединетото Кралство, економската благосостојба на Обединетото Кралство и како поддршка на превенцијата и откривањето сериозни кривични дела.

На оперативно ниво, Владиниот штаб за комуникации го раководи директор, кого го именува министерот за надворешни работи и прашања на Комонвелтот и за својата работа директорот одговара пред премиерот и пред надлежниот министер.

Контролата над разузнавачко-безбедносните служби е во форма на извештаи што ги изготвуваат службите и ги доставуваат до премиерот и министерот за внатрешни работи, кои понатаму ги проследуваат до Парламентот. Исто така, контролата е спроведена и од страна на независни надзорни комисии, како и од Комитетот за разузнавање и безбедност, кој е во состав на Парламентот.

## 2.12. Република Австрија

**Федералната агенција за заштита на уставниот поредок и контратероризам (BVT)** до неодамна претставуваше цивилна контраразузнавачка служба за разузнавачки, односно контраразузнавачки активности во рамките на територијата на Република Австрија, која беше во состав на федералното Министерство за внатрешни работи и имаше ограничени полициски овластувања. Нејзината надлежност е внатрешното разузнавање, но има овластувања и во делот на безбедноста и контраразузнавањето на територијата на Република Австрија. Федералната агенција во својата надлежност ги координира своите покраински агенции за заштита на уставниот поредок и антитероризам.

Во 2021 година оваа Агенција беше укината, пред сè поради тоа што не успеа да го спречи терористичкиот напад во Виена во 2020 година. Нејзиното место го заседе Генералниот директорат за државна безбедност.[23]

**Воената разузнавачка агенција (HNA)** е единствената австриска агенција што е надлежна за разузнавачки активности надвор од границите на државата. Хиерархиски е поставена под федералното Министерство за одбрана и спорт. Со неа раководи раководител, кој одговара пред началникот на Генералштабот на австриските вооружени сили.

Контролата над работата на разузнавачко-безбедносните служби е повеќестрана, и тоа: ја врши Постојаниот поткомитет на Комитетот за внатрешни работи (Ständiger Unterausschuss des Ausschusses für innere Angelegenheiten) и преку извештаите што ги добива Парламентот. Ваквите извештаи се класифицирани како доверливи информации.

## 2.13. Кралство Белгија[24]

**Државната безбедносна служба** е цивилна служба што е под надлежност на Министерството за правда, но при извршувањето на своите активности соработува и со Министерството за внатрешни работи. Нејзината главна задача е собирањето и анализата на информации, како на територијата на Кралството Белгија, така и надвор од нејзините граници заради идентификација и на потенцијалните закани кон безбедноста на државата. Службата, исто така, има и полициски овластувања.

**Општата разузнавачка и безбедносна служба (SGR)** е воена служба што е под надлежност на Министерството за одбрана и е составен дел од вооружените сили. Основната задача на оваа служба е собирање информации за можни закани кон територијалниот интегритет на Кралството Белгија, како и за можните загрозувања на плановите за одбрана на државата и системот на раководење и командување со вооружените сили.

Контролата над разузнавачко-безбедносните служби во Кралството Белгија како потреба се појави по две истраги во 1991 година, при што се формираше Постојана парламентарна комисија, Комитет I, за овие служби, кои претходно не беа предмет на надворешна контрола, под надлежност на белгискиот сојузен парламент. Во Кралството Белгија постои второ стручно тело што се нарекува Административна комисија, составено од тројца членови и нивни заменици, од кои едниот е поранешен државен обвинител, а другите двајца се поранешни судии. Оваа Административна комисија е надлежна за

[23] За повеќе информации: https://orf.at/stories/3228642/ (пристапено во ноември 2024).

[24] За системот во Белгија види: https://www.comiteri.be/index.php/en/?view=article&id=131:what-do-intelligence-and-security-services-stand-for&catid=13 (пристапено во ноември 2024).

следење на специфичните и исклучителни методи за собирање податоци што ги користат безбедносните служби.

**Заклучок**

Главниот акцент на оваа компаративна анализа е поставеноста на службите во рамките на системот на државната управа, и од таквата анализа може јасно да се увиди каде се наоѓаат службите во другите држави во рамките на системот на државната управа, особено во делот на државите, кои службите што имаат само разузнавачка или контраразузнавачка компонента ги поставиле директно под Владата или во согласност со Претседателот на државата.

Во анализираните случаи главно станува збор за централизирана поставеност на службите во смисла на единствена служба што се занимава со разузнавачка и контраразузнавачка дејност во земјата и надвор од нејзините граници.

Во помал дел од анализираните случаи, службите сѐ уште се наоѓаат под МВР, каде што нејзините припадници ги имаат задржано полициските овластувања.

Од горенаведеното јасно е дека не може да пресликаме нечие законодавство за која било материја, а најмалку кога станува збор за чувствителна и специфична област како што е безбедноста на државата и нејзините служби. Секоја држава си носи свои белези според кои е единствена, а, како таква, потребно е да го приспособи моделот на нејзините потреби, како и на спецификата на предизвиците со кои ќе се соочува во иднина. Нивото на безбедност во една држава произлегува од сериозноста на нејзината служба, која ќе знае не само да ги следи и да ги препознае конкретните безбедносни ризици спрема државата и нејзините граѓани и да постапува по нив, туку служба што ќе знае да ги следи глобалните случувања и навремено да се постави во својата земја, но и во странство, заштитувајќи ги, пред сѐ, националните и државни интереси на земјата.

Оваа детална анализа за начинот на поставеност на системот за национална безбедност, а, пред сѐ, за начинот на поставеност на службите во органите на државната управа и нивните меѓусебни корелации, несомнено, ни покажува дека секоја држава високо ги позиционира своите служби во рамките на сопствениот државен апарат.

Оттука, ова ќе претставува појдовна точка за поставување на службите во системот на државната управа и кај нас, и тоа преземено од секое искуство и позитивна практика на службите на државите опфатени во овој труд, нивниот начин на работа, нивната поставеност во системот на државно уредување и степенот на одговорност, како и во однос на тоа кому полагаат отчет за работата.

Анализата на поставеност на службите во регионот, а особено на службите што произлегоа од поранешната СДБ покажува дека сите од нив службите ги имаат поставено на самиот врв на државната управа директно под Владата, и тоа со јасно дефинирани надлежности и директна отчетност пред Парламентот на државата. Ова јасно покажува дека трендот на перцепција на службите е нивна поголема транспарентност, отчетност и сѐ поголема улога во следењето на глобалните промени, економските текови, анализи на појавите и улогата со која директно на државниот врв му помагаат во носењето на крупните стратешки одлуки.

Понатаму, имајќи ја предвид големината на анализираните држави и според територијата и според бројот на население, ќе заклучиме дека сите тие во рамките на една служба, надлежноста на разузнавањето и контраразузнавањето ги имаат во рамките на една

служба што работи како на внатрешен, така и на надворешен план и истовремено при својата работа водат грижа за дејствување во заштита на националните интереси за безбедносната, политичката и економската сфера или обезбедување на националната безбедност, како и за спротивставување на тероризмот и анализа и процена на податоците од работата на странските разузнавачки служби.

Ваквата поставеност, несомнено, укажува на фактот дека и во рамките на нашиот систем мора да се преземат конкретни и решителни чекори со кои ќе се извршат промени во поставеноста на разузнавачката заедница со цел нејзино централизирање и поставување директно под Владата на Република Македонија, со што би можела целосно да ја врши својата функција и улога во општествено-политичкиот живот.

Она што е од особено значење и кое задолжително треба да се има предвид е поставеноста на службите и нивната борба против современите терористички закани со кои ќе се соочуваат државите во наредниот период, па, оттука, и сѐ поголемата интенција на законодавците да ги зголемуваат овластувањата на службите во борбата против тероризмот. За жал, сѐ поголемите терористички закани низ Европа и начинот на кој тие се извршуваат водат кон тоа безбедносната култура кај секој поединец да биде подигната на максимално можно ниво во смисла на превенција и спречување на овие кривични дела, а службата да има сѐ поголема улога и во едукацијата на самото население.

При постапката на издвојување на службата од МВР мора задолжително да се води сметка за полициските овластувања на припадниците на службата, и тоа не само од аспект на носење и поседување оружје и негова примена, туку, пред сѐ, од аспект на предистражната постапка и примената на мерките што ќе ги користи службата согласно Законот. Во овој дел мора внимателно да се води грижа за преминот на примената на ОТС од безбедносни причини до нивната примена како доказно средство во кривичната постапка.

Поради овие причини, неопходно е во рамките на службата да се формира и посебен дел за истраги, кој, како и другите органи предвидени во ЗКП, ќе ги има овластувањата што ги има Министерството за внатрешни работи во предистражната постапка и во истрагата во случаите кога работи на откривање кривични дела и нивни сторители и на прибирање докази заради кривично гонење на сторителите за кривичните дела од делокругот на работата на службата.

Затоа, Управата за безбедност и контраразузнавање мора да ги задржи полициските овластувања поради тоа што не постои друг оддел во рамките на Министерството за внатрешни работи што ќе може во одреден момент да ја преземе работата од службата и целосно да ја заврши.

Вака дефинираната и комплетно интегрирана служба, преку својата координативна улога во системот ќе овозможи навремено, правилно и успешно преземање мерки со кои ќе ја задржи хармонизацијата на односите во општеството, а со тоа и целосната заштита на националните интереси.

**Прилог: Табела**

| Реден број | Држава | Централна или децентрализирана | Субординација | Полициски овластувања |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Р. Србија | централна | Владата | да |
| **2** | Р. Бугарија | децентрализирана (Ц) | Владата/Претседателот | да |
| **3** | Р. Грција | централна | Владата | не |
| **4** | Р. Албанија | централна | Владата/Претседателот | не |
| **5** | Р. Хрватска | централна | Владата/Претседателот | не |
| **6** | Р. Црна Гора | централна | Владата | не |
| **7** | Р. Словенија | централна | Владата | не |
| **8** | Р. Словачка | централна | Владата/Претседателот | не |
| **9** | Р. Романија | децентрализирана (Ц) | Претседателот | не |
| **10** | Р. Франција | децентрализирана (Ц) | МВР | да |
| **11** | Велика Британија и Северна Ирска | децентрализирана (Ц) | МВР | да |
| **12** | Австрија | децентрализирана (В) | МВР | да |
| **13** | Белгија | децентрализирана (В) | МВР | да |

**Користена литература:**


- Arquilla, J., Ronfeldt, D., and Zanini, M. Networks, netwar, and information-age terrorism in Howard, R. D. and Sawyer, R. L. Terrorism and counterterrorism: Understanding the new security environment, readings and interpretations, McGraw-Hill (2 ed.), New York, USA, 2005.
- Бајагић, Младен, Међународна безбедност, Криминалистичко-полицијска академија, Београд, 2012.
- Димовски, Злате, Тероризам. Графотранс, Скопје, 2007.
- Оливер, Бакрески; Милан, Милошевиќ, Современи безбедносни системи, Скопје, 2010.
- Милашиновић, Срђан, Основи теорије конфликата, Факултет безбедности, Београд, 2007.
- Милошевић Милан, Одбрана од тероризма, Свет књиге, Београд, 2005; 31- Mitrokhin, Vasilli & Andrew Christopher, Mitrokhin Archive: The Kgb In Europe And The West, Allen Lane, University of Michigan, 1999.
- Kulogly, Gokhan; Gul, Zakir & Sule Ercetin, Sefika (2014). Counter-intelligence as a Chaotic Phenomenon and Its Importance in National Security, во Chaos Theory in Politics, Springer.
- Petrović, Predrag (2009). Lična karta Bezbednosno-obaveštajne službe Republike Srbije, Centar za civilno-vojne odnose, Beograd, достапна на: https://bezbednost.org/wp-content/uploads/2020/06/petrovic_2009_bezbednosne_sluzbe.pdf.
- Ружин, Нано, НАТО пред новите предизвици и перспективите на Република Македонија, Fridrich Ebert Stiftung, Скопје, 2005.
- Хаџи-Јанев, Методи, Авторизирано предавање по предметот Меѓународно правни аспекти на борбата против тероризмот, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2009.
- Herman, Michael (2001). Intelligence Services in the Information Age, Routledge
- Scott, Len; Jackson, Peter (2010). The Study of Intelligence in Theory and Practice, Intelligence and National Security vol. 19(2004)
- http://analyticamk.org/images/stories/books/pub-ssr-web.pdf
- http://www.sabor.hr/Default.aspx [11] https://www.soa.hr/
- http://www.sova.gov.si/si/delovno_podrocje/
- https://en.wikipedia.org/wiki/MI5
- https://www.mi5.gov.uk/careers/opportunities/intelligence-officer-development-programme-iodp
- https://www.mi5.gov.uk/careers/opportunities/intelligence-officer-development-programme-iodp
- https://www.nis.gr/en/agency/mission-and-responsibilities.
- https://dbpedia.org/page/National_Security_Service_(Greece).
- https://www.ynanp.gr/en/ministry/leadership/minister-maritime-affairs-and-insular-policy/.
- https://shish.gov.al/.
- https://www.soa.hr/hr/.
- https://www.morh.hr/o-vojnoj-sigurnosno-obavjestajnoj-agenciji/.
- https://www.gov.me/anb.

- https://www.gov.si/drzavni-organi/vladne-sluzbe/slovenska-obvescevalno-varnostna-agencija/.
- https://www.gov.si/drzavni-organi/vladne-sluzbe/slovenska-obvescevalno-varnostna-agencija/.
- https://vs.mosr.sk/eng/.
- https://vs.mosr.sk/eng/.
- https://www.sie.ro/.
- https://spps.md/.
- https://english.mapn.ro/.
- https://greydynamics.com/frances-intelligence-community-an-overview/.
- https://greydynamics.com/uk-intelligence-community-an-overview/.
- https://orf.at/stories/3228642/.
- https://www.comiteri.be/index.php/en/?view=article&id=131:what-do-intelligence-and-security-services-stand-for&catid=13.

**M.A. Mile Zecevic**[25]

# COMPARATIVE OVERVIEW OF INTELLIGENCE AND SECURITY SERVICES IN EUROPE

**Abstract**

*This paper explores the intelligence and security systems in various European countries, analyzing their structure, functions and control mechanisms. Special emphasis is placed on the role of intelligence services in the maintenance of national security and the protection against contemporary threats, such as terrorism, espionage and organized crime. Through a comparative analysis, the advantages and weaknesses of the centralized and decentralized model of organization are highlighted. In addition, the research emphasizes the importance of an appropriate legal and institutional framework for the effective functioning of these services, as well as the significance of democratic control and transparency. The main goal of the paper is to offer recommendations for improving the security system in the Republic of North Macedonia by applying the positive experiences of European models.*

**Keywords:** intelligence-security systems, national security, centralized model, decentralized model, democratic control.

[25] Lawyer and PhD student at the Faculty of Law "Iustianus Primus", Ss. Cyril and Methodius University in Skopje